## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СТАЈКОВЦИ

- Учениците редовно и навреме да доаѓаат во училиште и да не доцнат на часовите;
- Учениците се должни редовно да носат училиштен прибор, учебници и тетратки;
- Учениците за време на часовите треба внимателно да слушаат и навреме и целосно да ги извршува училишните обврски;
- Да бидат дисциплинирани и да придонесат за одржување на работната атмосфера;
- Во училиштето учениците треба да носат соодветна облека и да бидат уредни.
- Учениците треба да се однесуваат пристојно, да бидат совесни, одговорни, со почитување кон сите;
- Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност;
- Да помагаат на помалку успешните ученици;
- Учениците не смеат самоволно и без вистинска причина да го напушти часот, без дозвола на предметниот наставник или одделенскиот раководител;
- Да не предизвикуваат тепачки и други нереди во училиштето и надвор од него;
- Учениците треба да соработуваат со наставниците, стручната служба и другите субјекти во училиштето;
- Учениците не смеат да користат мобилни телефони за времa на часовите;
- Учениците не треба да носат вредни предмети и повеќе пари во училиште, а доколку им се загубат одговорноста е нивна;
- Учениците не треба на часовите да џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата;
- Учениците се должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина;
- Учениците да ги негуваат цвеќињата во училниците и ходниците и дрвјата во училишниот двор;
- Учениците да го отпоздравуваат наставникот кога ќе влезе во училница;
- За време на часот учениците да не излегуваат во тоалет;
- Учениците да не викаат по ходниците, да не трчаат и да се придржуваат кон правилата на однесување;
- Учениците се должни да се грижат за училишниот простор и имот - да не го уништува училишниот инвентар, компјутерите и нагледните средства изработени од ученици;
- Да не ги кршат прозорците и друго стакло во училиштето;
- Да не ги фрлаат отпадоците насекаде во училницата и училиштето и ако видат отпад фрли го во корпа за отпадоци;
- Да не цртаат по клупите, ѕидовите и на други места;
- Ученикот да влезе во училницата пред почетокот на часот;
- Да не ги навредуваат и да не се однесуваат насилно кон помалите и послабите ученици;
- Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето;
- Не смее да го прекинува наставникот кога зборува;
- Ученикот да им се обраќа со ВИЕ на возрасните и да поздравува;
- Да користи учтиви зборови во секојдневната комуникација;
- Ученикот да ги почитува правилата на однесување кои ги договориле со наставникот;
- Ученикот не смее да носи несоодветни предмети со кои би можел да ги повреди другите ученици;
- Ученикот смее да го искаже секое незадоволство со одбрани и пристојни зборови;
- Ученикот треба да биде самокритичен, па потоа да критикува;
- Да ги чува своите предмети и да не посегнува по туѓите;
- Да не ги потценува способностите на своите соученици;
- Повозрасните ученици да се однесуваат коректно кон помалите;
- Ученикот има обврска да слуша внимателно и да го почитува мислењето на другиот;
- Ако не се однесусваат добро со тебе, БИДИ ПРВ кој тоа ќе го промени и однесувај се ти на вистински начин – ПРИСТОЈНО;
- Ученикот со своето примерно однесување ќе покаже почит и кон своите родители;
- Ученикот задолжително треба на родителот да му ги пренесува информациите по барање на наставникот.